Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-452/10
25.10.2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-452/1 од 25.10.2023 година, поднесена од [redacted] против Министерство за внатрешни работи на РСМ и Управа за водење на матичните книги, за сторена дискриминација врз основа на родов идентитет во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 25.10.2023 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ЗАПИРА** постапката по претставка бр. 08-452/1 од 7.8.2023 година заради повлекување на претставката од страна на подносителката [redacted]

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 7.8.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација, врз основа на родов идентитет во областа на правосудство и управа, од страна на [redacted] против Министерство за внатрешни работи на РСМ и Управа за водење на матичните книги, заведена под бр. 08-452/1.

Подносителката на претставката на ден 25.10.2023 година, со електронско известување заведено под број 08-452/9, ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека ја повлекува поднесената претставка.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја запре постапката за заштита од дискриминација.

Скопје
25.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи на РСМ, Оддел за граѓански работи, ул. Димче Мирчев бр. 9, 1000 Скопје
- Управа за водење на матичните книги, Подрачно Одделение Скопје, ул. Кеј Димитар Влахов бб, 1000 Скопје